**Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Асоцијацијата на осигурително - брокерски друштва при Стопанската Комора на Република Македонија**

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Асоцијацијата на осигурително - брокерски друштва при Стопанската Комора на Република Македонија на 18.03.2013 година во просториите на Стопанската комора на Македонија потпишаа Меморандум за соработка.

Меморандумот има за цел поблиску да ја промовира мерката која ја опфаќа помошта за премии за осигурување од Програмата за финанасиска поддршка во земјоделството, со што ќе се обезбеди повисоко ниво на остварување на правата на земјоделските стопанства како корисници во областа на осигурувањето на земјоделското производство, во насока на навремено осигурување на производството и намалување на несаканите последици. За таа цел е предвидено брокерските друштва бесплатно да посредуваат меѓу производителите и осигурителните компании, со цел да им се укаже на производителите која од осигурителните компании нуди најдобри услови за осигурување




Со Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година, Владата на Република Македонија обезбеди 35 милиони денари како помош за

премии од осигурување. Мерката предвидува покривање 60 отсто од трошоците за осигурувањето, и како што истакна директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Тони Димовски овој Меморандум има за цел да ја подобри искористеноста на предвидените средства по оваа мерка.

На потпишувањето на Меморандумот присуствуваше и заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Зоран Коњановски, според кој, Меморандумот претставува крупен исчекор со цел максимално искористување на владината поддршка за купување земјоделски осигурителни полиси. Тој нагласи дека неодамнешните поплави и предизвиканите штети од нив, уште еднаш покажаа колкава е потребата од осигурување на површините.